Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

Сектор за земјоделство

февруари, 2025
04. 02. 2025

АРХИВСКИ БРОЈ: 02-1449/2
ВРСКА ВАШ БРОЈ: 08-80/2 од 29.01.2025
ДО: Зружение на одгледувачи на зајаци (куникули) „ ЛЕПСУС“ Свети Николе
ПРЕДМЕТ: Одговор на иницијатива

Почитувани,

Во врска со Вашиот предмет кој го добивме преку Канцеларијата на Председателот на Владата на Република Северна Македонија со горе наведениот архивски број заведен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со број 02-1449/1 од 29.01.2025 година, со кој барате да постапиме според Вашата иницијатива.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ве информира дека иницијативата која е доставена преку Канцеларијата на Председателот на Владата на Република Северна Македонија е од 27.06.2022 година

Внимателно ги разгледавме и анализиравме Вашите барања и врз основа на истите, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува:

Во Законот за земјоделство и рурален развој, Националната Стратегија за Земјоделство и Рурален развој 2021-2027 и Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2023-2027 година, нема предвидено можност и мерки за финансиска поддршка за одгледување на домашните зајци (куникули).

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве информира дека има формирано работна група за изработка на нов Закон за земјоделство и рурален развој, каде што работната група ќе ги разгледа и анализира Вашите барања, а воедно Ве покануваме кога ќе бидете во можност на состанок во министерството-Сектор за земјоделство.

Барањето во врска со Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес во областа на здравствената заштита на животните, Ве информираме дека треба да се обратите до Агенцијата за храна и ветеринарство, бидејќи на предлог од Агенцијата за храна и ветеринарство Владата на Република Северна Македонија ја носи Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес во областа на здравствената заштита на животните.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО - MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE I СКОПЈЕ-SHKUP

МИНИСТЕР,
Цветан Трипуновски

Изработил: Билјана Цибрева Трајкоска
Контролирал: Жарко Димитриевски
Согласен: Васе Симовска Бошкова


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона
Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015